Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1597/2021

Дата: 27.-10-.2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Чашка ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за поставување на нов 10(20)kV среднонапонски кабелски вод и нова столбна трафостаница на КП 111/1, КП 111/21 и КП 128/10 во КО Лисиче, Општина Чашка.** Должината на кабелскиот вод изнесува 0,08 km.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y09421** се составен дел на Решението.
3. Услови за планирање на просторот за поставување на нов 10 (20)kV среднонапонски кабелски вод и нова столбна трафостаница на КП 111/1, КП 111/21 и КП 128/10, КО Лисиче, Општина Чашка, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација за поставување на нов 10(20)kV среднонапонски кабелски вод и нова столбна трафостаница во КО Лисиче, Општина Чашка потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.
5. Со издавање на оваа Решение престанува со важност предходно издаденото Решение за Услови за планирање на просторот за поставување на нов 10 (20)kV среднонапонски кабелски вод и нова столбна трафостаница на КП 111/1, КП 111/2 и КП 128/10, КО Лисиче, Општина Чашка, издадено под бр.УП1-15 886/2021 од 23.06.2021 година, од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk